ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Карпош, сметка на основен буџет (637) за 2021 година.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- плаќања на обврските со пресметки кога општината е со блокирана сметка;
- слабости при примена на Законот за донации и спонзорства и на договорите за донации;
- ангажирани лица преку агенции за вработување за период подолг од две години;
- пописот на средствата и обврските е нецелосен;
- за дел од недвижниот не е запишано правото на сопственост;
- за дел од објектите не е утврдена вредноста и истите не се евидентирани во сметководствената евиденција и
- недоследности во примена на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Издадено мислење *:**
Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**
Начинот на финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје, донесување на посебна програма и нејзино финансирање од буџетот на општината.

**Клучни препораки:**

- да не се вршат плаќања со пресметка кога е блокирана сметката;
- мерки и активности за контрола на вршење на работите на лица ангажирани преку приватна агенција за вработување;
- спроведување на целосен годишен попис;
- запишување на сопственост на целиот имот со кој располага општината и негово евидентирање во сметководството;
- утврдување на основот за вон билансната евиденција и
- доследна примена на законот за јавни набавки.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на одговорното лице на Општина Карпош.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани при што четири од нив претставуваат известување за преземени мерки, а една не се прифаќа.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk